Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Државен инспекторат за техничка инспекција
Inspektorati shtetëror për inspektim teknik

25 Април , 2023 година
Архивски број: 04/853/9

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018), директорот донесува:

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по Интерен оглас број 1/2023 за унапредување на административен службеник во Државен инспекторат за техничка инспекција**

1. Кандидатот Ѓорѓи Трајановски по пат на Интерен оглас број 1/2023 се избира за работно место ИНС0101Б04001 Раководител на одделение за инспекциски надзор на опрема под притисок-Виш инспектор. Сектор за инспекциски надзор над техничка опрема.
2. Изборот е извршен врз основа на финална ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас број 1/2023, со архивски број 04-853/7 од 24.04.2023 година.
3. Именованиот ќе биде унапреден на работно место од став 1 по конечноста на оваа одлука.
4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на добиеното известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии бр. 04-723/2 од 13.07.2022 година, Директорот упати барање до одделение за управување со човечки ресурси бр. 04-853/1 од 10.04.2023 година, за објавување на интерен оглас во Државен инспекторат за техничка инспекција.

По добиеното барање, одделението за управување со човечки ресурси објави интерен оглас број 1 /2023 за унапредување на 3 (три ) административни службеници во Државен инспекторат за техничка инспекција, на ден 10.04.2023 година, на веб страната на Државен инспекторат за техничка инспекција и на веб страната на Агенцијата за администрација.

Под реден број 1. на интерниот оглас е работното место место ИНС0101Б04001 Раководител на одделение за инспекциски надзор на опрема под притисок-Виш инспектор Сектор за инспекциски надзор над техничка опрема.

Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, Комисијата за унапредување на административен службеник формирана од страна на директорот со Решение за формирање на Комисија за селекција за


Државен инспекторат за техничка инспекција
Република Северна Македонија
Inspektorati shtetëror për inspektimteknik
Republika e Maqedonisë së Veriut

ул. „Јуриј Гагарин" бр.15, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „Jurij Gagarin" nr.15, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Тел: (2) 3224 936
(2) 3118 289
www.diti.gov.mk

унапредување на административен службеник бр. 04-853/4 од 19.04.2023 година, направи административна селекеција на пријавените кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за економија.
Врз основа на освоените бодови од административна селекеција и освоени бодови од спроведеното интервју, Комисијата состави записник, од административна селекција за интерен оглас бр.01-853/6 од 19.04.2023 година, за унапредување на административен службеник, Записник од спроведено интервју бр. 04-853/7 од 24.04.2023 година, за работно место под реден број 3. Категорија Б02 и изготви Финална ранг листа на интервјуирани кандидати како и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат  по Интерен оглас број 1/2023.Врз основа на ранг листата директорот донесе Одлука за избор како во диспозитивот на оваа одлука.
По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување на административниот службеник

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен, во рок од 8 дена сметано од денот на приемот на одлуката.

**ДИРЕКТОР,**
**DREJTOR,**
**Blerim Ukalli**

Република Северна Македонија ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТЕХНИЧКА ИНСПЕКЦИЈА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut INSPEKTORATI SHTETËROR PËR INSPEKTIM TEKNIK Shkup

**ДОСТАВЕНО ДО:**
***-именованиот административен службеник***
***-Сектор за управување со ЧР***
***-Архива***

изработил: Емел.А
контролирал: Феми.А


Државен инспекторат за техничка инспекција
Република Северна Македонија
Inspektorati shtetëror për inspektimteknik
Republika e Maqedonisë së Veriut

ул. „Јуриј Гагарин“ бр.15, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „Jurij Gagarin“ nr.15, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Тел: (2) 3224 936
(2) 3118 289
www.diti.gov.mk